ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 0204 - 2238/2
Прилеп 20.10.2017 год.

**Врз основа на член 456 точка 5 од ЗТД Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп до Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп доставува**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА

**Тутунски комбинат АД Прилеп заради реализирање на откупот на тутун од индивидуалните кооперанти од реколта 2017 година ќе обезбеди кредит од Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје преку Договори за рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право во износ од 9.800.000,00ЕУР**

**За секое поединечно користење за кредитирање и финансирање на откупот на суров тутун ќе се склучуваат поединечни договори во форма на синдициран кредит и истите ќе се користат сукцесивно според потребите на повеќе пати до одобрениот износ и во истите ќе бидат поблиску уредени условите за користењето, отплатата и роковите на достасување.**

**Обезбедувањето по основ на овие кредити ќе биде преку доставување до банките на две меници издадени и акцептирани од Тутунски комбинат АД Прилеп а на кои што правата и обврските ќе бидат утврдени во форма на нотарски акт, воспоставување на хипотека на недвижен имот сопственост на Тутунски комбинат АД Прилеп како и воспоставување на невладетелски залог на откупениот тутун од реколта 2017година.**

**Согласно одредбите од ЗТД задолжувањето во износ од 9.800.000,00ЕУР е над 50% односно изнесува 55,83 од книговодствената вредност на друштвото по последната ревидирана завршна сметка и според ЗТД и одредбите од Статутот на друштвото ова претставува голема зделка која потпаѓа под правилата за одобрување голема зделка.**

**Странки на оваа голема зделка ќе бидат Тутунски комбинат АД Прилеп од една страна и Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје од друга страна.**

**Корисник на оваа голема зделка е Тутунски комбинат АД Прилеп во форма на кредит за откуп на сиров тутун од индивидуални кооперанти во износ од 9.800.000,00ЕУР .**

**Средствата за откуп ќе се користат во оквирот на рамковен револвинг кредитот, а со склучување на поединечни договори за сукцесивно користење на истите според потребите како и можностите и оценката на банките.**

**Предвид на горното Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп препорачува Собранието на акционери да ја одобри оваа зделка од причина што истата ќе овозможи реализација на планот за откуп на тутун од индивидуални кооперанти за реколта 2017година што претставува и основна дејност на друштвото, но притоа потенцирајќи согласно одредбите од ЗТД , за правото на акционерите да не се соглсат со предложената голема зделка.**

**За Тутунски комбинат АД Прилеп**
**Генерален извршен директор**
**Кире Станкоски**

Тутунски Комбинат АД-Прилеп со П.О. Прилеп